# - ЈП АГРО-БЕРЗА СКОПЈЕ -

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

## Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА 3

БЕЛЕШКИ 8

## Додатоци

Додаток 1 – Законска обврска за составување на годишна сметка и Годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

ПЕРК РЕВИЗИЈА
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4,
втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

ЈП Агро-Берза Скопје

ул. „Васил Ѓоргов“ бб

Скопје

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈП Агро-Берза Скопје (во понатамошниот текст: „Претпријатието“), коишто ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2022 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за паричните текови за годината која завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или на грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои се применуваат во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измама или на грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Претпријатието за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Претпријатието.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## Мислење

Според нашето мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈП Агро-Берза Скопје на 31 декември 2022 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

## Нагласување на прашање

Ние обрнуваме внимание на Белешка 22 приложена кон финансиските извештаи на Претпријатието во која се презентира дека Претпријатието има не усогласеност помеѓу основната главнина прикажана во Извештајот за финансиската состојба во износ од 13.259 иљади денари со состојба на 31.12.2022 година со онаа прикажана во Тековната состојба на Централниот регистар на Република Северна Македонија каде истата изнесува 124.000 иљади денари за истиот тој период.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Менаџментот на Претпријатието е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работењето во согласност со член 23 од Законот за јавни претпријатија (,, Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996 ... 64/2018) и во согласност со член 384, член 352 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 ... 215/21).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 ... 83/2018) е да известиме дали годишниот извештај за работењето е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи на и за годината која што завршува на 31 декември 2022. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ЈП Агро-Берза Скопје за годината која завршува на 31 декември 2022.

Прилеп, 20.03.2023

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески

**Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2022 година**
**во согласност со барањата на**
**сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија**
**за ЈП Агро-Берза Скопје**

- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за сеопфатна добивка**
- **Извештај за промени во главнината**
- **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се усвоени на ден 21.02.2023 година со Одлука бр. 0202-56/2 и потпишани од директор Ниметула Рамадани како и од одговорниот сметководител Дана Антиќ.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## на ЈП Агро-Берза Скопје
## за годината која завршува на 31 декември 2022 година

| | Белешки | 31 декември 2022 во (000) МКД | 31 декември 2021 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 18 | 5.226 | 5.226 |
| Материјални средства | 19 | - | - |
| Вложувања во недвижности | | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **5.226** | **5.226** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | | - | - |
| Побарувања од поврзани друштва | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 20 | 2.499 | 1.074 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | - | - |
| Побарувања од државата по основ на даноци | 20 | 34 | 430 |
| Побарувања од вработените | 20 | 1 | 5 |
| Останати краткорочни побарувања | | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | | - | - |
| Парични средства и парични еквиваленти | 21 | 1.342 | 192 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи | | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.876** | **1.702** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **9.102** | **6.927** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина и резерви** | **22** | | |
| Основна главнина | | 13.259 | 13.259 |
| Премии на емитирани акции | | - | - |
| Ревалоризациска резерва | | - | - |
| Резерви | | 4.572 | 4.572 |
| Акумулирана добивка | | 13.396 | 13.396 |
| Пренесена загуба | | (26.210) | (23.839) |
| Добивка за деловната година | | 2.633 | - |
| Загуба за деловната година | | - | (2.370) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **7.651** | **5.018** |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | - | - |
| **Долгорочни обврски** | | **-** | **-** |
| **Одложени даночни обврски** | | - | - |
| **Тековни обврски** | **23** | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | | - | - |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 652 | 1.547 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци | | - | - |
| Обврски спрема вработените | | 0 | 1 |
| Тековни даночни обврски | | 797 | 361 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | | - | - |
| Обврски по основ на учество во резултатот | | - | - |
| Останати финансиски обврски | | - | - |
| Останати краткорочни обврски | | 0 | - |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди | | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.451** | **1.909** |
| **Вкупно обврски** | | **1.451** | **1.909** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **9.102** | **6.927** |

**ЈП Агро-Берза Скопје**
Управител

Ниметула Рамадани

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**на ЈП Агро-Берза Скопје**
**за годината која завршува на 31 декември 2022 година**

| | Белешки | 31 декември 2022 во (000) МКД | 31 декември 2021 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | | |
| Приходи од продажба | 5 | 14.110 | 8.944 |
| Останати приходи | 6 | 5 | 26 |
| **Вкупно приходи од работењето** | | **14.115** | **8.971** |
| **Промена на вредноста на залихите на готовите производи и на недовршеното производство** | | - | - |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | | - | - |
| **Расходи од работењето** | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 7 | 2.041 | 1.256 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 8 | 234 | - |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, | | - | - |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 9 | 630 | 2.629 |
| Останати трошоци од работењето | 10 | 2.636 | 2.369 |
| Трошоци за вработените | 11 | 5.584 | 5.074 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | | - | - |
| Вредносно усогласување на нетековни/тековни средства | | - | - |
| Резервирања за трошоци и ризици | | - | - |
| Останати расходи од работењето | 12 | 0 | 13 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **11.125** | **11.341** |
| **Финансиски приходи** | | - | - |
| **Финансиски расходи** | **13** | 44 | 0 |
| **Удел во добивката/загуба на придружените друштва** | | - | - |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | | **2.946** | **(2.370)** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | - | - |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | **14** | **2.946** | **(2.370)** |
| Данок на добивка | 15 | 313 | - |
| Одложени даночни приходи/расходи | | - | - |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | **16** | **2.633** | **(2.370)** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| Останата сеопфатна загуба | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка/загуба за годината** | **17** | **2.633** | **(2.370)** |
| Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | | - | - |
| Сеопфатна добивка/загуба којашто им припаѓа на неконтролираното учество | | - | - |

**ЈП Агро-Берза Скопје**
Управител

Ниметула Рамадани

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА**
**на ЈП Агро-Берза Скопје**
**за годината која завршува на 31 декември 2022 година**

| ОПИС | Состојба на 31 декември 2021 година (во 000 МКД) | Зголемување (во 000 МКД) | Намалување (во 000 МКД) | Состојба на 31 декември 2022 година (во 000 МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Основна главнина | 13.259 | - | - | 13.259 |
| Ревалоризациска резерва | - | - | - | - |
| Резерви | 4.572 | - | - | 4.572 |
| Акумулирана добивка | 13.396 | - | - | 13.396 |
| Пренесена загуба | (23.839) | (2.370) | - | (26.210) |
| Дивиденди | - | - | - | - |
| Добивка за финансиската година | - | 2.633 | - | 2.633 |
| Загуба за финансиската година | (2.370) | - | 2.370 | - |
| **Вкупно главнина и резерви** | **5.018** | **263** | **2.370** | **7.651** |

| ОПИС | Состојба на 31 декември 2020 година (во 000 МКД) | Зголемување (во 000 МКД) | Намалување (во 000 МКД) | Состојба на 31 декември 2021 година (во 000 МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Основна главнина | 13.259 | - | - | 13.259 |
| Ревалоризациска резерва | - | - | - | - |
| Резерви | 4.572 | - | - | 4.572 |
| Акумулирана добивка | 13.396 | - | - | 13.396 |
| Пренесена загуба | (22.421) | (1.419) | - | (23.839) |
| Дивиденди | - | - | - | - |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | - |
| Загуба за финансиската година | (1.419) | (951) | - | (2.370) |
| **Вкупно главнина и резерви** | **7.388** | **(2.370)** | **-** | **5.018** |

**ЈП Агро-Берза Скопје**
Управител

Ниметула Рамадани

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**на ЈП Агро-Берза Скопје**
**за годината која завршува на 31 декември 2022 година**

| | 31 декември 2022 во (000) МКД | 31 декември 2021 во (000) МКД |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| **Нето добивка/загуба по оданочување** | **2.633** | **(2.370)** |
| **Амортизација на основни средства** | **-** | **-** |
| | | |
| **Зголемување/намалување на тековните средства** | | |
| Залихи | - | - |
| Побарувања од поврзани друштва | - | - |
| Побарувања од купувачи | (1.425) | (222) |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | - | - |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси | 397 | (184) |
| Побарувања од вработените | 4 | (5) |
| Останати краткорочни побарувања | - | - |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи | - | - |
| **Вкупно зголемување/намалување на тековните средства** | **(1.024)** | **(411)** |
| **Зголемување/намалување на тековни обврски** | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | (895) | 1.304 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести | - | (5) |
| Обврски кон вработените | (0) | (10) |
| Тековни даночни обврски | 437 | (136) |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | - | - |
| Обврски по основ на учество во резултатот | - | - |
| Останати финансиски обврски | - | - |
| Останати краткорочни обврски | 0 | - |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди | - | (22) |
| **Вкупно зголемување/намалување на тековни обврски** | **(459)** | **1.131** |
| | | |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **1.150** | **(1.650)** |
| | | |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Материјални и нематеријални средства | - | - |
| Вложувања во недвижности | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | - | - |
| **Вкупно нето готовина од инвестициски активности** | **-** | **-** |
| | | |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Главнина и резерви | - | - |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - |
| Долгорочни обврски | - | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| **Вкупно нето готовина од финансиски активности** | **-** | **-** |
| | | |
| **Вкупно нето пораст/намалување на готовината** | **1.150** | **(1.650)** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **192** | **1.842** |
| **Готовина на крајот од годината** | **1.342** | **192** |

**ЈП Агро-Берза Скопје**
Управител

Ниметула Рамадани

**БЕЛЕШКИ**

**КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА**

**ЈП АГРО-БЕРЗА СКОПЈЕ**

**ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2022**

# БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЈП Агро-Берза Скопје (во понатамошниот текст: „Претпријатието“) е основано со Одлука на Собранието на Република Македонија број 08-2122/1 од 13.05.1992 година (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 39/92). Основач на ЈП Агро Берза Скопје со Решение Т.рег.бр. 3416/98 од 29.09.1998 година е Влада на Република Северна Македонија.

Претпријатието е регистрирано во Основниот суд Скопје 1, Скопје, со регистарска влошка број 02004107?-7-09-000 на трговскиот регистар. Седиштето на ЈП АГРО БЕРЗА Скопје е на ул. “Васил Ѓоргов” бб во Скопје – Општина Центар.

Основната дејност на ЈП АГРО БЕРЗА Скопје според НКД рев. 2 е 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, не спомнати на друго место.

Лице овластено за застапување на ЈП АГРО - БЕРЗА Скопје согласно решението на Централниот Регистер на Република Северна Македонија е Ниметула Рамадани.

Во Претпријатието постојат следниве сектори:

- Сектор за комерцијални работи,
- Сектор за маркетинг,
- Сектор за јавни набавки, инвестиции и развој.

Со Претпријатието управува и раководи:

- Управен одбор,
- Надзорен одбор,
- Директор

Во 2022 година во ЈП АГРО БЕРЗА Скопје има 10 вработени лица во редовен работен однос, а во претходната 2021 година бројот на вработени беше 9.

# БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Претпријатието го води сметководството и ги подготвува финансиските извештаи во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија кои се објавени во Правилникот за водење на сметководството („Службен весник на РМ“ број 159/09/, 164/10 и 107/2011).

Во составувањето на овие финансиски извештаи Претпријатието ги примени сметководствените политики обелоденети подолу а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива која важи во Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност како основ за мерење, освен кај недвижностите, постојките и опремата и нивната амортизација кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на порастот на цените на производителите на индустриски производи кои ги објавува Државниот завод за статистика на РСМ и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаваат според нивната набавна, објективна (пазарна) вредност.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Претпријатието, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (000 МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи на Претпријатието.

Веродостојноста на финансиски извештаи е поткрепена со фактот дека Претпријатието ќе продолжи да работи и во иднина.

## 2.2. Основ за составување и презентирање на финансиските извештаи

При подготвување на финансиските извештаи Претпријатието применува сметководствени проценки за ставките кои не можат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања засновани на информации кои се последно расположливи. Во текот на работењето одредени проценки можат да се ревидираат како резултат на промени на околностите врз основ на кој биле засновани, промени во окружувањето или добиените нови информации и сознанија.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на недвижностите, постројките и опремата, обезвреднување на недвижностите, постројките и опремата, исправка на вредноста на побарувањата односно утврдување на нивната објективна вредност, вредносно усогласување (исправки) на залихите за да се сведат по нивната нето реализациона вредност и слично.

Ефектите од промена во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и/или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

## 2.3. Претпоставка за неограничен континуитет во работењето

Финансиите извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Претпријатието ќе продолжи да работи во догледна иднина, Претпријатието нема намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење. Раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Претпријатието.

## 2.4. Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРСМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Извештајот за добивка или загуба како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

Во тековната 2022 година Претпријатието нема трансакции изразени во странска валута.

## 2.5. Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

| **Валута** | **31 декември 2022** | **31 декември 2021** |
|---|---:|---:|
| 1 EUR | 61,4932 ден. | 61,6270 ден. |
| 1 USD | 57,6535 ден. | 54,3736 ден. |

## 2.6. Споредбени показатели

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на историска набавна вредност. Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември тековна и претходна година.

# БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПОРЦЕНКИ

## 3.1. Нематеријални средства

Нематеријални средства се оние средства кои немаат физичка содржина но кои можат да се идентификуваат. Тие се:

- Дизајнирање и имплементација на нови процеси;
- Патенти и лиценци;
- Интелектуална сопственост;

- Развивање на пазарот и трговски марки;
- Компјутерски софтвер кој не е составен дел на хардверот;
- Авторски права;
- Франшизи.

Нематеријалните средства треба да се идентификуваат со цел јасно да се разграничат од гудвилот и тие почетно се мерат според нивната набавна вредност, а се признаваат само доколку:

- е веројатно дека идни економски користи ќе му се припишат на нематеријалното средство;
- набавната вредност на нематеријалното средствотo може веродостојно да се измери;

Корисниот век на нематеријалното средство се определува како ограничен и неограничен. Корисниот век на нематеријалното средство кој произлегува од договори и други законски права не треба да го надмине периодот на договорот и другите законски права.

Амортизацијата на нематеријалните средства со ограничен век на користење се пресметува врз основа на набавната вредност на нематеријалните средства и тоа по праволиниска метода на еднакви годишни износи во текот на предвидениот рок на употреба но најмногу до 5 години Амортизација на нематеријалните средства со неограничен век на користење не се пресметува.

Периодот на амортизација и методот на амортизација на нематеријалните средства со ограничен век на користење треба да се проверува и коригира најмалку еднаш годишно.

## 3.2. Материјални средства

### 3.2.1. Општа објава

Материјалните средства се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурираната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба.

Раководството на Претпријатието верува дека објективната вредност на имотот, зградите и опремата со состојба на 31 декември 2022 година е приближна на нивната соодветна нето книговодствена вредност.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкција и подобрување, кои го менуваат капацитетот или намената на материјалните средства, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на материјалните средства се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

### 3.2.2. Амортизација

Амортизација на земјиштето и инвестициите во тек не се пресметува.

Амортизација на материјалните средства се пресметува заради отпис на нивната набавна вредност. Претпријатието пресметува амортизација со примена на пропорционална метода. Применетите годишни стапки на амортизација кои доследно се применуваат како и во претходните така и во тековната се усогласени со сметководствените политики на Претпријатието и изнесуваат:

| | **31 декември 2022** | **31 декември 2021** |
|---|---|---|
| Градежни објекти | 2,5 % - 10,0 % | 2,5 % - 10,0 % |
| Постројки и опрема | 5,0 % - 25,0 % | 5,0 % - 25,0 % |

Во пресметката на амортизацијата се почитува принципот на конзистентност на стапките на амортизација и принципот на истоветност на исправката на вредноста на основните средства со трошокот за амортизација.

## 3.3. Вложувања во подружници

Вложувањата во подружници се евидентираат во финансиските извештаи на Претпријатието според нивната набавна вредност. Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Претпријатието поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во другите друштва.

## 3.4. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположливи за продажба се оние вложувања во долгорочни хартии од вредност кои се чуваат неограничен период но кои можат да бидат продадени во секој момент а се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата расположливи за продажба се искажани по набавна вредност, односно според износот на паричните средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективна вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиската состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар истите се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација). Последователно сите вложувања кои се чуваат до доспевање се признаваат според амортизирана набавна вредност користејќи ја методата на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположиви за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога акумулираната добивка односно загуба која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

## 3.5. Обезвреднување на нефинансиски средства

Средства кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат, се предмет на годишна анализа заради можноста од нивно обезвреднување.

Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа заради можноста од нивно обезвреднување секогаш кога настаните или измените во деловните услови укажуваат на тоа дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност што укажува дека истите се обезвреднети. Загубата од обезвреднување се евидентира за износот за кои сегашната вредност на средството ја надминува вредноста на неговото повторно надоместување. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната вредност на средството, намалена за трошоците на продажба.

## 3.6. Залихи и отпис на ситен инвентар

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната односно од нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите до нивната сегашна состојба и локација и која ги вклучува и сите трошоци за набавка, трошоци за конверзија и други трошоци.

Набавната вредност на трговските стоки во магацин се утврдува по просечни цени, додека вредноста на трговските стоки во продавници се утврдува по мало продажни цени со посебно разграничување на набавната цена, ДДВ-то и разликите во цени.

Нето реализационата вредност ја вклучува продажната цена, намалена за трошоците за приготвување на продажбата.

Намалување на вредноста на залихите се спроведува за време на редовниот годишен попис а врз основа на проценка за нивно оштетување, дотраеност и сл. Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање по пат на отпис до нето реализационата вредност ако истата е пониска од набавната.

Отписот на ситниот инвентар се врши 100% при ставање на истиот во употреба.

## 3.7. Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата по основ на продажба ги вклучуваат сите износи кои што се должат од страна на трети страни за извршените продажби. Сите побарувања по други основи се вклучуваат во останати побарувања.

Исправка за сомнителните и спорни побарувања се прави за оние побарувања за кои што постојат специфични ризици и кои се сметаат за не наплатливи. Индикатори за ненаплатливост на побарувањата се доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај и сл. Сомнителните побарувања се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

## 3.8. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти се водат во извештајот за финансиската состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од денарска готовина во благајна и од денарски и девизни средства на сметки во банки.

## 3.9. Платени трошоци за идни периоди (АВР)

Однапред платените трошоци за идните периоди се искажуваат како активни временски разграничувања и се преставуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причините за разграничувањето како и износите кои се однесуваат на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период а немаат елементи за да се искажат како побарувања, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнати побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

## 3.10. Долгорочни обврски

Долгорочните обврски се прикажуваат по нивната номинална вредност зголемена за каматите согласно склучените договори.

Долгорочните резервирање се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини. Обврските искажани во девизи се пресметуваат по средниот курс на НБРСМ на денот на изготвување на извештајот за финансиската состојба.

## 3.11. Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачите и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

Обврските кон доверителите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување.

## 3.12. Обврски по кредити

Сите обврски спрема трети лица за кои се плаќа камата се презентирани како финансиски обврски. Обврските со доспевање во рок подолг од една година се класифицираат како нетековни обврски, додека оние со рок на доспевање до една година како тековни обврски заедно со тековниот дел на долгорочните кредити (камати).

Долгорочните обврски по долгорочни заеми и кредити се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Долгорочните обврски по заеми и кредити од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на извештајот за финансиската состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходите, односно расходите од финансирање.

## 3.13. Одложени плаќања на трошоци и приходи за идните периоди (ПВР)

Одложените плаќања на трошоците и приходите за идните периоди се искажуваат како пасивни временски разграничувања а се однесуваат на пресметани трошоци кои го товарат тековниот пресметковен период кои не се фактурирани, како и на однапред наплатените или пресметаните приходи во тековниот период кои се однесуваат на наредниот пресметковен период.

## 3.14. Резервирања

Резервации се признаваат кога Претпријатието има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан од кој се очекува одлив на парични или други средства и кога износот на

надоместокот со голема веројатност може да се предвиди. Резервирањата се евидентираат според нивната сегашна вредност на очекуваните трошоци потребни за надоместување на обврската. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намален за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

## 3.15. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минат настан чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

Неизвесно средство е можно средство кое произлегува од минат настан и чие што постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на Претпријатието. Неизвесно средство се признава само кога остварувањето на приходот е речиси сигурен.

## 3.16. Придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Претпријатието врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените се уплатуваат во соодветните пензиски фондови. Претпријатието нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќање на овие придонеси.

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на нивното пензионирање. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

Претпријатието е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат од работа по основ на технолошки вишок, износ кој зависи од работниот стаж на вработениот, но најмногу до седум месечни просечни плати исплатени во Република Северна Македонија. Претпријатието нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи смета дека сумата е незначителна за финансиските извештаи.

## 3.17. Капитал

### 3.17.1. Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции (удели).

### 3.17.2. Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Претпријатието е должно да издвои од добивката во тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 1/10 од основната главнина на Претпријатието. Доколку износот на оваа резерва не надминува 1/10 од вредноста на основната главнина, истата може да се употреби само за покривање на загубите.

### 3.17.3. Ревалоризациони резерви

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација. Во согласност со законските прописи салдото на ревалоризационата резерва се евидентира во рамките на капиталот и истото не претставува предмет на распределба.

## 3.18. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Претпријатието сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственост на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска од набавната, по сегашната

вредност на минималните плаќања за наемот. Во текот на разгледуваниот период Претпријатието нема трансакции кои преставуваат финансиски наеми, при што истото не се јавува како наемател или наемодавател на такви средства.

Наемите кај кои значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од страна на наемодавателот, се класифицирани како оперативни наеми. Во евиденцијата на наемателите плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на наемот. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во извештајот за финансиската состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности. Во текот на разгледуваниот период Претпријатието има трансакции кои преставуваат оперативен наем, при што истото се јавува како наемодавател на такви средства.

## 3.19. Приходи од продажба и останати приходи

Приходите од продажба се признаваат кога ризиците и користите се пренесени на купувачот или кога услугите се извршени. Приходите од продажба се евидентираат намалени за даноците и попустите при продажбата.

Приходите од продажба на производи се признаваат кога ќе се исполнат во целост следните услови:

- на купувачот му се пренесени сите значајните ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на стоките. Претпријатието не задржува вистинска контрола врз продадените стоки;
- приходите може веродостојно да се измерат;
- веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив во Претпријатието;
- трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат; и
- соодветен доказ за трансакцијата постои.

Приходите од услуги се признаваат кога ќе се исполнат во целост следните услови:

- приходот може веродостојно да се измери;
- веројатно е дека Претпријатието ќе има прилив на економски користи;
- степенот на довршеност може веродостојно да се измери;
- трошоците на трансакцијата и за довршување на трансакцијата можат да се измерат; и
- соодветен доказ за трансакцијата постои.

Приходите кои произлегуваат од употреба на средства на Претпријатието од страна на други друштва со кои се заработуваат камати, тантиеми и дивиденди, треба да се признаат како приходи тогаш кога не постои значајна несигурност за нивното мерење и наплата.

## 3.20. Признавање на расходите

Расходите се признаваат врз основа на принципот на „спротивставување“ кој што вклучува истовремено признавање на приходите и расходите кои произлегуваат од една иста трансакција.

Каде што не постои можност или има потешкотија во спротивставувањето на приходите и расходите, се применува пристапот на целосно расходување на сите настанати трошоци.

## 3.21. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датумот на Извештајот за финансиската состојба се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат независно дали се наплатени или не. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажби на хартии од вредност, приходи од камати и од курсни разлики.

- **Камати**: се признаваат на пресметковна основа за периодот на кои се однесуваат, имајќи го во предвид фактичкиот пренос на средствата.
- **Дивиденди**: за дивиденди кои не произлегуваат од вложувања евидентирани според методот на главнина, се признаваат кога ќе се утврдат правата на сопствениците за примање на истите.
- **Курсни разлики**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.
- **Капитални добивки**: се признаваат за периодот на кој се однесуваат.

## 3.22. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датум на Извештајот за финансиската состојба се прикажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи за камати, провизии и курсни разлики.

## 3.23. Данок на добивка

Во согласност со важечката законската регулатива во Република Северна Македонија, данок на добивка се плаќа на остварената добивка во тековната година како и на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Претпријатието изготвува Даночен биланс, пресметува и плаќа данок на добивка по стапка од 10% на остварената добивка, на непризнатите расходи и на помалку искажаните приходи.

Данокот на добивка се состои од тековен и одложен данок. Тековниот данок на добивка се пресметува согласно законските прописи во РСМ. Одложениот данок на добивка е пресметан за временските разлики помеѓу даночната основица и сегашната вредност на средствата и обврските. Одложениот данок не се пресметува при почетно вреднувања на средствата и обврските доколку во моментот на трансакцијата нема влијание врз даночната добивка или загуба. Одложениот данок се пресметува со примена на тековната даночна стапка. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики. Одложеното даночно средство е пресметано врз основа на веројатноста на постоење на идни оданочливи добивки кои ќе овозможат искористување на одложеното даночно средство.

# БЕЛЕШКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

## 4.1. Финансиски ризици и управување со истите

Претпријатието влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Претпријатието е изложено и политики за управување со нив се следните:

### 4.1.1. Ризик од промена на девизниот курс

Претпријатието влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Претпријатието нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија и не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик.

### 4.1.2. Кредитен ризик

Претпријатието е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Претпријатието има одреден број на купувачи така што овој ризик е минимален но сепак постои. Претпријатието нема изградено некоја посебна политика со која би можело да управува со кредитниот ризик или со која би можело да го намали кредитниот ризик.

### 4.1.3. Каматен ризик

Претпријатието се изложува на ризик од промена на каматните стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека во текот на 2022 година, Претпријатието не користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки може да се каже дека Претпријатието не е изложено на ваков вид на ризик.

### 4.1.4. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Претпријатието нема да биде во состојба са своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потреба готовина за сервисирање на своите обврски и Претпријатието нема вакви проблеми во своето работење.

### 4.1.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Претпријатието подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесување на даночните биланси за тековната година. Во тековната 2022 години во Претпријатието не е вршена контрола од страна на даночните власти. Сепак, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

## 4.2. Финансиски инструменти

### 4.2.1. Ризик на финансирање

Претпријатието врши финансирање на своето работење од сопствени средства (акумулирана добивка и амортизација) со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Претпријатието континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември тековна и претходна година е следна:

**Во илјади (000) МКД**

| **Долгорочна задолженост** | **2022** | **2021** |
|---|---:|---:|
| Долгорочни обврски | - | - |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1.342 | 192 |
| **Нето обврски** | **(1.342)** | **(192)** |
| Вкупно капитал и резерви | 7.651 | 5.018 |
| **% на долгорочна задолженост во однос на капиталот** | **(0,18%)** | **(3,82%)** |

**Во илјади (000) МКД**

| **Вкупна задолженост** | **2022** | **2021** |
|---|---:|---:|
| Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни) | 1.451 | 1.909 |
| Вкупни средства | 9.102 | 6.927 |
| **% на вкупна задолженост во однос на вкупните средства** | **15,94%** | **27,5%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Останати обврски | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно обврски** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |

### 4.2.1. Ризик од неликвидност

Друштвото е изложено на ризик од неликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврските спрема своите доверители и кредитори. Ваквиот ризик Друштвото го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на друштвото со состојба на 31 декември тековната година според нивната доспеаност.

**Во илјади (000) денари**

| | **Недоспеани** | **До 1 година** | **Над 3 години** | **Вкупно** |
|---|---:|---:|---:|---:|
| Парични средства | 1.342 | - | - | 1.342 |
| Побарувања од купувачи | - | 2.499 | - | 2.499 |
| Побарувања од вработени | - | 1 | - | 1 |
| Останати побарувања | - | 34 | - | 34 |
| **Вкупно средства** | 1.342 | 2.534 | **-** | **3.876** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | - | 652 | - | 652 |
| Останати обврски | - | 799 | - | 799 |
| **Вкупно обврски** | **-** | **1.451** | **-** | **1.451** |

# БЕЛЕШКА 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

**Во илјади (000) МКД**

| Приходи од продажба | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 14.110 | 8.944 |
| **Вкупно** | **14.110** | **8.944** |

## БЕЛЕШКА 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Останати приходи** | **2022** | **2021** |
| Останати приходи од работењето | 5 | 26 |
| **Вкупно** | **5** | **26** |

## БЕЛЕШКА 7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Трошоци за суровини и материјали** | **2022** | **2021** |
| Трошоци за енергија | 1.240 | 1.169 |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 123 | - |
| Трошоци за суровини и материјали | 641 | 86 |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 37 | 1 |
| **Вкупно** | **2.041** | **1.256** |

## БЕЛЕШКА 8. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИ СТОКИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на продадени стоки** | **2022** | **2021** |
| Набавна вредност на продадени добра (стоки) | 234 | - |
| **Вкупно** | **234** | **-** |

## БЕЛЕШКА 9. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Услуги со карактер на материјални трошоци** | **2022** | **2021** |
| Комунални услуги | 200 | 175 |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | 197 | 2.155 |
| Наемлизинг | 23 | 25 |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | 1 | - |
| Транспортни услуги | 159 | 222 |
| Останати услуги | 50 | 52 |
| **Вкупно** | **630** | **2.629** |

## БЕЛЕШКА 10. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

**Во илјади (000) МКД**

| Останати трошоци од работењето | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Трошоци за репрезентација | 196 | 122 |
| Трошоци за осигурување | 49 | 42 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 27 | 25 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 4 | 3 |
| Останати трошоци на работењето | 2.359 | 2.177 |
| **Вкупно** | **2.636** | **2.369** |

## БЕЛЕШКА 11. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Трошоци за вработени** | **2022** | **2021** |
| Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство) | 5.300 | 4.887 |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 61 | - |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | 223 | 187 |
| **Вкупно** | **5.584** | **5.074** |

## БЕЛЕШКА 12. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Останати расходи од работењето** | **2022** | **2021** |
| Казни, пенали, надоместоци за штети и друго | 0 | 13 |
| **Вкупно** | **0** | **13** |

## БЕЛЕШКА 13. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Финансиски расходи** | **2022** | **2021** |
| Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 44 | 0 |
| **Вкупно** | **44** | **0** |

## БЕЛЕШКА 14. ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

| | Во илјади (000) МКД | |
|---|---|---|
| **Нето добивка/загуба** | **2022** | **2021** |
| Нето добивка/загуба | 2.946 | (2.370) |
| **Вкупно** | **2.946** | **(2.370)** |

Во тековната 2022 година Претпријатието остварува добивка пред оданочувањето во износ од 2.946 илјади денари. Во претходната 2021 година Претпријатието оствари загуба пред оданочувањето во износ од 2.370 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 15. ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно важечките законски прописи Претпријатието пресметува и плаќа данокот на добивка.

| **Пресметка на данок на добивка** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| | **Во илјади (000) МКД** | |
| Финансиски резултат од БУ | 2.946 | (2.370) |
| Непризнати расходи за даночни цели | 182 | 123 |
| Даночна основа | 3.129 | (2.247) |
| Намалување на даночна основа | - | - |
| Даночна основа по намалување | 3129 | (2.247) |
| Пресметан данок на добивка (10% х даночна основа) | 313 | - |
| Намалување на пресметаниот данок на добивка | - | - |
| **Пресметан данок по намалување** | **313** | **-** |

## БЕЛЕШКА 16. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

| **Нето добивка/загуба** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| | **Во илјади (000) МКД** | |
| Нето добивка/загуба | 2.633 | (2.370) |
| **Вкупно** | **2.633** | **(2.370)** |

## БЕЛЕШКА 17. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА

| **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| | **Во илјади (000) МКД** | |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 2.633 | (2.370) |
| **Вкупно** | **2.633** | **(2.370)** |

## БЕЛЕШКА 18. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| **Вид на основно средство** | **Издатоци за развој** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | **Во илјади (000) МКД** | |
| **Набавна вредност на основните средства (состојба на 01.01.2022)** | **5.226** | **5.226** |
| -директни зголемувања | - | - |
| -прекнижувања | - | - |
| -останати зголемувања и намалувања | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на основните средства на 31.12.2022** | **5.226** | **5.226** |
| **Исправка на основните средства 01.01.2022** | **-** | **-** |
| -амортизација | - | - |
| -останати зголемувања/намалувања | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на исправката на основните средства 31.12.2022** | **-** | **-** |
| **Сегашна вредност на 31.12.2022** | **5.226** | **5.226** |

| **Вид на основно средство** | **Издатоци за развој** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | **Во илјади (000) МКД** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на основните средства (состојба на 01.01.2021)** | **5.226** | **5.226** |
| -директни зголемувања | - | - |
| -прекнижувања | - | - |
| -останати зголемувања и намалувања | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на основните средства на 31.12.2021** | **5.226** | **5.226** |
| **Исправка на основните средства 01.01.2021** | **-** | **-** |
| -амортизација | - | - |
| -останати зголемувања/намалувања | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - |
| -ревалоризација | - | - |
| **Состојба на исправката на основните средства 31.12.2021** | **-** | **-** |
| **Сегашна вредност на 31.12.2021** | **5.226** | **5.226** |

## БЕЛЕШКА 19. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**Во илјади (000) МКД**

| **Вид на основно средство** | **Постројки и опрема** | **Мебел и транспортни средства** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на основните средства (состојба на 01.01.2022)** | **1.301** | **3.823** | **5.124** |
| -директни зголемувања | - | - | - |
| -прекнижувања | | | |
| -останати зголемувања и намалувања | - | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - | - |
| -ревалоризација | - | - | - |
| **Состојба на основните средства на 31.12.2022** | **1.301** | **3.823** | **5.124** |
| **Исправка на основните средства 01.01.2022** | **(1.301)** | **(3.823)** | **(5.124)** |
| -амортизација | - | - | - |
| -останати зголемувања/намалувања | - | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - | - |
| -ревалоризација | - | - | - |
| **Состојба на исправката на основните средства 31.12.2022** | **(1.301)** | **(3.823)** | **(5.124)** |
| **Сегашна вредност на 31.12.2022** | **-** | **-** | **-** |

**Во илјади (000) МКД**

| **Вид на основно средство** | **Постројки и опрема** | **Мебел и транспортни средства** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на основните средства (состојба на 01.01.2021)** | **1.301** | **3.823** | **5.124** |
| -директни зголемувања | - | - | - |
| -прекнижувања | | | |
| -останати зголемувања и намалувања | - | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - | - |
| -ревалоризација | - | - | - |
| **Состојба на основните средства на 31.12.2021** | **1.301** | **3.823** | **5.124** |
| **Исправка на основните средства 01.01.2021** | **(1.301)** | **(3.823)** | **(5.124)** |
| -амортизација | - | - | - |
| -останати зголемувања/намалувања | - | - | - |
| -расходи и отуѓување | - | - | - |
| -ревалоризација | - | - | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Состојба на исправката на основните средства 31.12.2021** | **(1.301)** | **(3.823)** | **(5.124)** |
| **Сегашна вредност на 31.12.2021** | **-** | **-** | **-** |

## БЕЛЕШКА 20. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Краткорочни побарувања** | **2022** | **2021** |
| Побарувања од купувачи во земјата | 2.499 | 1.074 |
| Данок на додадена вредност | 34 | 161 |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | - | 269 |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 1 | 5 |
| **Вкупно** | **2.534** | **1.509** |

## БЕЛЕШКА 21. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Парични средства и парични еквиваленти** | **2022** | **2021** |
| Парични средства на трансакциски сметки во денари | 1.327 | 161 |
| Парични средства во благајна | 7 | 5 |
| Останати парични средства | 8 | 26 |
| **Вкупно** | **1.342** | **192** |

Од Извештајот за паричните текови за 2022 и 2021 година може да се види дека Претпријатието има:

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Паричен тек** | **2022** | **2021** |
| Паричен тек од оперативни активности | 1.150 | (1.650) |
| Паричен тек од инвестициски активности | - | - |
| Паричен тек од финансиски активности | - | - |
| **Нето пораст/намалување на готовината:** | **1.150** | **(1.650)** |

## БЕЛЕШКА 22. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

| | **Во илјади (000) МКД** | |
|---|---|---|
| **Главнина и резерви** | **2022** | **2021** |
| Основна главнина запишан и уплатен капитал | 13.259 | 13.259 |
| Резерви | 4.572 | 4.572 |
| Задржана (акумулирана) добивка од претходни години | 13.396 | 13.396 |
| Добивка од тековната година | 2.633 | - |
| Пренесена загуба од претходни години | (26.210) | (23.839) |
| Загуба за тековната година | - | (2.370) |
| **Вкупно** | **7.651** | **5.018** |

Од оваа белешка се гледа структурата на капиталот, резервите, акумулираната добивка, пренесената загуба како и добивката за тековната 2022 година. Извештајот за промените во главнината и

резервите е прикажан во финансиските извештаи на страна 6. Основната главнина прикажана во извештајот за финансиската состојба на Претпријатието не е усогласена со основната главнина прикажана во Тековната состојба при Централниот регистар на Република Северна Македонија каде истата изнесува 124.000 илјади денари. Писмено се обративме со барање и до Државниот архив на РСМ бр.0302-42/1 од 20.02.2017 година, при што добивме одговор дека и Државниот архив на РСМ не располага со документација со која би се потврдиле префрлените финансиски средства како основачки влог на Претпријатието согласно Одлуката на Собранието на РМ бр.08-2122/1 од 13.05.1992 година

## БЕЛЕШКА 23. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | | Во илјади (000) МКД |
|---|---|---|
| **Тековни обврски** | **2022** | **2021** |
| Обврски спрема добавувачи | 652 | 1.547 |
| Обврски спрема вработени | 0 | 1 |
| Тековни даночни обврски | 797 | 361 |
| Останати краткорочни обврски | 0 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **1.451** | **1.909** |

## БЕЛЕШКА 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

### 24.1. Судски спорови

Претпријатието во 2022 година нема судски спорови.

### 24.2. Хипотеки

Во текот на 2022 година Претпријатието нема издадено хипотеки врз својот имот.

### 24.3. Гаранции

Во текот на 2022 година Претпријатието не користи банкарски гаранции.

## БЕЛЕШКА 25. ЈАВНИ НАБАВКИ

ЈП Агро-Берза Скопје врши набавки согласно Законот за јавни набавки. Јавните набавки се однесуваат на набавки на стоки и услуги неопходни за редовно функционирање на Претпријатието.

Управниот одбор на ЈП Агро-Берза Скопје на ден 18.01.2022 година со Одлуката бр.0202-25/3 го има усвоено годишниот план за јавни набавки и тоа по видови стоки и услуги. Врз истиот го има извршено измена и дополнување со Одлука 0202-117/3 од 30.05.2022 и Одлука 0202-162/2 од 08.08.2022.

За секоја јавна набавка и за нејзиното спроведување задолжена е комисијата составена од шест члена именувана од страна на Директорот на Претпријатието. Комисијата задолжена за јавните набавки го предлага најповолниот понудувач во согласност со законите и прописите за јавни набавки како и во согласност со барањата и препораките на Бирото за јавни набавки.

Од доставените квартални прегледи може да се заклучи дека се спроведени вкупно 12 постапки за јавни набавки (вклучувајќи две поништена и повторно објавени) и по истите се склучени 11 договори во 2022 година.

## БЕЛЕШКА 26. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

По датумот на составување на Извештајот за финансиската состојба не се случиле материјално значајни настани а кои треба да бидат обелоденети во оваа белешка.

За целосно согледување на последователните настани се приложува бруто биланс заклучно со 28.02.2023 година.

За ЈП Агро-Берза Скопје

______________________________________

Ниметула Рамадани

**Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во согласност со одредбите од ЗТД**

Во согласност со член 476, став 4 од Законот за трговски друштва, годишната сметка која ја изготвуваат претпријатијата вклучува Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат на иста деловна година и се подготвени во согласност со одредбите од Законот и прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка, односно загуба на Претпријатието за деловната година.

Во согласност со член 477 став 6 од Законот за трговски друштва како и член 11, член 19 и член 27 од Законот за јавни претпријатија, директорот е должен да достави Извештај за работењето на претпријатието до Управниот одбор на Претпријатието. Управниот одбор на Претпријатието покрај годишната сметка, е должен, по завршување на секоја деловна година да го усвои и Извештајот за работењето на Претпријатието.

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците на годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3.

Управниот одбор на Претпријатието со Одлука бр. 0202-56/23 го усвоил Годишниот извештај за работењето на ден 24.02.2022 година.

За ЈП Агро-Берза Скопје

________________________________

Ниметула Рамадани

**Годишна сметка**

- Извештај за финансиската состојба
- Извештај за сеопфатна добивка

ЕМБС: 04417356
Целосно име: Јавно претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031) | 5.225.560,00 | | | 5.225.560,00 |
| 2 | - - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008) | 5.225.560,00 | | | 5.225.560,00 |
| 3 | - - Издатоци за развој | 5.225.560,00 | | | 5.225.560,00 |
| 36 | - - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059) | 3.876.193,00 | | | 1.701.725,00 |
| 45 | - - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051) | 2.533.825,00 | | | 1.509.345,00 |
| 47 | - - Побарувања од купувачи | 2.499.041,00 | | | 1.073.873,00 |
| 49 | - - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 33.703,00 | | | 430.472,00 |
| 50 | - - Побарувања од вработените | 1.081,00 | | | 5.000,00 |
| 59 | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | 1.342.368,00 | | | 192.380,00 |
| 60 | - - Парични средства | 1.342.368,00 | | | 192.380,00 |
| 63 | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 9.101.753,00 | | | 6.927.285,00 |
| 65 | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 7.651.205,00 | | | 5.017.831,00 |
| 66 | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 13.259.195,00 | | | 13.259.195,00 |
| 71 | - - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074) | 4.571.751,00 | | | 4.571.751,00 |
| 72 | - - Законски резерви | 1.363.655,00 | | | 1.363.655,00 |
| 73 | - - Статутарни резерви | 8.411,00 | | | 8.411,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 74 | - - Останати резерви | 3.199.685,00 | | | 3.199.685,00 |
| 75 | - - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 13.396.411,00 | | | 13.396.411,00 |
| 76 | - - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 26.209.526,00 | | | 23.839.435,00 |
| 77 | - - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 2.633.374,00 | | | |
| 78 | - - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | | | | 2.370.091,00 |
| 81 | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 1.449.701,00 | | | 1.908.607,00 |
| 95 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 1.449.701,00 | | | 1.908.607,00 |
| 97 | - - Обврски спрема добавувачи | 651.978,00 | | | 1.547.470,00 |
| 100 | - - Обврски кон вработените | 230,00 | | | 585,00 |
| 101 | - - Тековни даночни обврски | 797.403,00 | | | 360.552,00 |
| 108 | - - Останати краткорочни обврски | 90,00 | | | |
| 109 | - - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 847,00 | | | 847,00 |
| 111 | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110) | 9.101.753,00 | | | 6.927.285,00 |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 14.114.518,00 | | | 8.970.592,00 |
| 202 | - - Приходи од продажба | 14.109.916,00 | | | 8.944.231,00 |
| 203 | - - Останати приходи | 4.602,00 | | | 26.361,00 |
| 207 | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 11.124.599,00 | | | 11.340.682,00 |
| 208 | - - Трошоци за суровини и други материјали | 2.041.170,00 | | | 1.255.547,00 |
| 209 | - - Набавна вредност на продадените стоки | 233.730,00 | | | |
| 211 | - - Услуги со карактер на материјални трошоци | 629.715,00 | | | 2.629.224,00 |
| 212 | - - Останати трошоци од работењето | 2.635.635,00 | | | 2.368.838,00 |
| 213 | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 5.584.249,00 | | | 5.073.913,00 |
| 214 | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 3.534.829,00 | | | 3.257.278,00 |
| 215 | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 281.435,00 | | | 261.116,00 |
| 216 | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 1.484.234,00 | | | 1.368.247,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **217** | - - Останати трошоци за вработените | 283.751,00 | | | 187.272,00 |
| **222** | - - Останати расходи од работењето | 100,00 | | | 13.160,00 |
| **234** | - - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243) | 43.681,00 | | | 1,00 |
| **239** | - - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 43.681,00 | | | 1,00 |
| **246** | - - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245) | 2.946.238,00 | | | |
| **247** | - - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244) | | | | 2.370.091,00 |
| **250** | - - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | 2.946.238,00 | | | |
| **251** | - - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | | | | 2.370.091,00 |
| **252** | - - Данок на добивка | 312.864,00 | | | |
| **255** | - - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254) | 2.633.374,00 | | | |
| **256** | - - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | | | | 2.370.091,00 |
| **257** | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 10,00 | | | 9,00 |
| **258** | - - Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 12,00 | | | 12,00 |
| **269** | - - Добивка за годината | 2.633.374,00 | | | |
| **270** | - - Загуба за годината | | | | 2.370.091,00 |
| **288** | - - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270) | 2.633.374,00 | | | |
| **291** | - - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269) | | | | 2.370.091,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **671** | - - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ) | 5.970,00 | | | 16.122,00 |
| **674** | - - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ) | 630.941,00 | | | 69.562,00 |
| **682** | - - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 154.398,00 | | | 156.451,00 |
| **686** | - - Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 23.100,00 | | | 25.200,00 |
| **699** | - - Дневници за службени патувања (< или = | 25.753,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | АОП 217 од БУ) | | | | |
| **709** | - - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ) | 181.695,00 | | | 121.762,00 |
| **711** | - - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 27.203,00 | | | 25.315,00 |
| **722** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 10,00 | | | 9,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2511** | - 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место | 14.114.518,00 | | | |

**Потпишано од:**

Dana Antikj

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

**ПОДГОТВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ПЕЧАТИ ОТКАЖИ**

**Годишен извештај за работењето**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ
*АГРО-БЕРЗА Скопје*
Адреса: Аминта трети" бр.2. 1000 Скопје
тел : 3 229-085 фах:3113-275
E-mail: info@agroberza.com.mk
www agroberza.com.mk

## Годишен извештај
## за работењето на Ј.П. Агро Берза – Скопје
## во 2022 година

Во 2022 година Ј.П. Агро Берза ги изврши следните активности:

- **Пратење на движење на цените на суфицитарни земјоделски производи и изнаоѓање пласман за истите.**
- **Активности за стопанисување со Силосите за жито во Прилеп.**
- **Активно учество на состаноци и други средби организирани од страна на Стопанските комори, здруженија, стручни служби, научно-истражувачки институции, невладини организации (домашни и странски) и други институции и организации од областа на аграрот, со што би дале придонес за можностите за пласманот на земјоделско-прехранбените производи.**
- **Активности за поставување на фотоволтаици на кровната конструкција на Силоси Прилеп.**
- **Активности за спроведување на проектот за изградба на расадник на семе и саден материјал.**
- **Пратење на движење на цените на суфицитарни земјоделски производи и изнаоѓање пласман на:**

домат, пипер, куртовска капија, краставица долга, краставица кратка, корнишон, зелка, кромид, компир, ориз, бостан, грав, праз, праска, грозје, и јаболко.

- Редовно и неделно ажурирање на цените на земјоделски прехрамбени производи, и месечен извештај на движењето на цените на земјоделските производи градинарски и овошни производи.

- Редовно ажурирање на WEB страницата на која што на македонски и на англиски јазик се презентира понудата и побарувачкатана воглавно на суфицитарните земјоделско-прехрамбени производи, при што се одржуваат редовни контакти со странски трговци во давање на информации за движењето на цените и количините на одредени производи во Република Македонија.

- **Активности за стопанисување со Силосите за жито во Прилеп.**

Во текот на 2022 година се чуваа и одржуваа складираните количини на меркантилна пченица и според тоа со состојба од 31.12.2022 година се следниве количини:

меркантилна пченица

- количина: 12.830,012 кгр.
- сместување : во сите расположливи силоси со извршено тековно елевирање и фумигирање
- влага: во нормални граници од 10,5% -12%

сточен јачмен

- количина: 8.250,069кгр

- сместување : силоси со извршено тековно
  елевирање и фумигирање
- влага: во нормални граници од 10%-11%

- **Активно учество на состаноци и други средби организирани од страна на Стопанските комори, здруженија, стручни служби, научно-истражувачки институции, невладини организации (домашни и странски) и други институции и организации од областа на аграрот, со што би дале придонес за можностите за пласманот на земјоделско-прехранбените производи.**

- **Активности на Управен и Надзорен Одбор:**

Одржани се 17 седници на Управниот Одбор на кои што се разгледани и усвоени :

- Програма за работа за 2023г.
- Финансов план за 2023.
- Усвојување на годишна сметка за 2021г.

-Донесување на други Одлуки во врска со тековното работење на ЈП АГРО- БЕРЗА Скопје.

Додека Одборот за материјално финасиска контрола одржал 7 седници.

Со почит

ЈП АГРО БЕРЗА Скопје
Директор,

____________________
Ниметула Рамадани